## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.05.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 2544 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица

3. **Датум на извршување на надзорот:** 17 мај 2017 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица пренесувало кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права, што е спротивно на член 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

5. **Претходно изречена мерка:** нема.

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот беше констатирано дека на 16.04.2017 година, Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица го пренесувало играниот филм Furious 7 од 2015 година, седмото продолжение од серијата акциски филмови Fast&Furious, без договор за уредени права за емитување склучен со имателот на правата, што е спротивно на членот 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

   Надзорот беше спроведен врз основа на иницијатива поднесена од физичко лице (наш бр.03-2282/1). Со него беше констатирано дека Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, на 16.04.2017 година го емитувало играниот филм Furious 7 од 2015 година, седмото продолжение од серијата акциски филмови Fast&Furious. На 05.05.2017 година, со писмен допис бр.03-2282/2, Агенцијата побара од радиодифузерот во рок од пет дена од денот на приемот на дописот да достави валиден договор со којшто ќе се потврди дека правата за емитување на овој игран филм се уредени. Воедно, му укажа на радиодифузерот дека доколку не ја достави бараната документација во наведениот рок, ќе се смета дека таков договор не поседува. Дописот е уредно доставен до радиодифузерот на 06.05.2017 година, за што Агенцијата поседува повратница од Македонска пошта. Во утврдениот рок, кој истече на 11.05.2017 година, радиодифузерот до Агенцијата не ги достави бараните документи.

   **Предлог-мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се дава следната предлог мерка:

   - Директорот на Агенцијата да донесе решение за опоменување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица и согласно точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-

6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи веднаш по приемот на решението за опоменување да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- да му предложи на Советот на Агенцијата согласно надлежноста утврдена во член 18 став 7 од Законот, да го информира органот надлежен за авторските права и сродните права дека се сомнева дека е сторена повреда на истите, и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**